UNECE
United Nations
Economic Commission
for Europe

World Health Organization
REGIONAL OFFICE FOR Europe

# Бодовна картичка за еднаков пристап

## поддржувачки политики за постигнување на човековото право на вода и санитација



Протокол за вода и здравје кон Конвенцијата за заштита и користење на прекугранични водотеци и меѓународни езера

UNITED NATIONS

UNECE
United Nations
Economic Commission
for Europe

World Health Organization
REGIONAL OFFICE FOR Europe

# Бодовна картичка за еднаков пристап

## поддржувачки политики
## за постигнување на човековото право на вода и санитација

Протокол за вода и здравје кон Конвенцијата за заштита и користење на прекугранични водотеци и меѓународни езера

UNITED NATIONS



**ЗАБЕЛЕШКА**

УПОТРЕБЕНИТЕ ОПИСИ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕТО НА МАТЕРИЈАЛОТ ВО ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА НЕ ИМПЛИЦИРА ИЗРАЗУВАЊЕ НА КАКВИ БИЛО МИСЛЕЊА КАКО И ДА БИЛО ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО ПОГЛЕД НА ПРАВНИОТ СТАТУС НА КОЈА БИЛО ЗЕМЈА, ТЕРИТОРИЈА, ГРАД ИЛИ ОБЛАСТ ИЛИ НА НЕЈЗИНИТЕ ВЛАСТИ ИЛИ ВО ПОГЛЕД НА НЕЈЗИНИТЕ ГРАНИЦИ. СИМБОЛИТЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ СЕ СОСТОЈАТ ОД ГОЛЕМИ БУКВИ КОМБИНИРАНИ СО СЛИКИ.

ECE/MP.WH/8

ISBN 978-9989-881-02-2

# ПРЕДГОВОР

Обезбедувањето пристап до безбедна вода за пиење и санитација за целото население, без дискриминација, претставува обврска за сите влади. Сите, било богати или сиромашни, мажи, жени и деца, луѓето кои живеат во урбани и рурални области, имајќи соодветно сместување или не, луѓето со физичка онеспособеност или луѓето кои живеат во институции како затвори или болници, имаат право на пристап до овие услуги.

Во 2005 година, Протоколот за вода и здравје стапи на сила, заложувајќи ги неговите страни во Пан-Европскиот регион да обезбедат “еднаков пристап до вода, соодветно на условите и за квантитет и квалитет, да (се) обезбеди за сите членови на населението, особено оние кои страдаат од недостаток или социјално исклучување”. Признавањето на пристапот до вода и санитација како човеково право од Генералното Собрание на Обединетите Нации и Советот за човекови права во 2010 година, кое беше силно подржано од Франција, ја потврди обврската на владите да обезбеди дека услугите за вода и санитација се достапни, пристапни, безбедни, прифатливи и да може да си го дозволат сите, без дискриминација. Глобалните цели и иницијативи, како што се Милениумските развојни цели и дадената заложба од земјите на Конференцијата за одржлив развој на Обединетите Нации во 2012 година за обезбедување на прогресивна реализација на човековото право за вода и санитација, како и опсервацијата во моментот на пост-2015 агендата и идните Одржливи развојни цели, повторно ја изразија важноста од концентрирање на нашите напори и финансиски средства за имплементирање на човековото право за вода и санитација во пракса. Континуираната поддршка од Франција на активностите за еднаков пристап во рамките на Протоколот за вода и здравје, ја овозможи подготовката на оваа публикација, која има за цел поддршка на процесите на политиките за постигнување на човековото право за вода и санитација. Бодовната картичка за еднаков пристап презентирана во оваа публикација е придонес до генералното размислување на тоа како во пракса да се имплементираат овие обврски и заложби. Определувањето на политики и целни мерки за подобрување на состојбата на пристап до вода и санитација за сите бара да се има детално познавање на тековната состојба, во услови на постојните политички инструменти, стратегии за финансирање и програми за мерки кои придонесуваат за намалување на јазот во пристапот.

Бодовната картичка за еднаков пристап е аналитичка алатка за самопроценка која може да им помогне на владите и другите чинители да се воспостави основа, да се дискутираат идните акции кои треба да се преземат и да се евалуира напредокот. Таа е изградена од наодите на претходната публикација *Никој не е оставен: добри практики за обезбедување еднаков пристап до вода и санитација,* која беше објавена во март 2012 година на 6-тиот Светски Форум за вода во Марсеј, Франција. *Никој не е оставен* ги идентификуваше достапноста до водните ресурси, урбано-руралниот јаз, пристапот за ранливите и маргинализирани групи и прифатливоста како главни контекстуални предизвици врамувајќи ги тековните нееднаквости во Пан-Европскиот регион. Бодовната картичка за еднаков пристап повикува за информација за политичките опции кои можат да бидат избрани од земјите за да се надминат овие различни предизвици.

Ние мора да ги охрабриме земјите доброволно да се ангажираат во овој процес на самопроценка, кој може да обезбеди преглед на состојбата за еднаквост во пристапот. Оваа вежба докажа дека носи многу придобивки за време на нејзината пилот фаза, на пример во градот Париз каде што беше изведена вежба за самопроценка и беа добиени корисни информации за формулирање на нови национални и регионални планови за здравје и животна средина, особено за нивните димензии на еднаквост. Заради тоа што вежбата вклучува широк опсег на чинители од еколошките до социјалните и финансиските сектори, таа помага да се идентификуваат вистинските партнери и да се иницира соработка за преземање идни активности. Додатно, исходите на самопроценката можат да се користат за да се помогне одредувањето на цел која е поврзана со еднаквоста во рамки на Протоколот, како и соодветни мерки, базирани на деталната проценка на јазовите кои треба да се надминат.

Јас верувам дека оваа публикација ќе ги стимулира земјите да ја користат Бодовната картичка за еднаков пристап и да ја подржат прогресивната реализација на човековото право за вода и санитација преку поддршка во инклузијата на димензиите за еднаков пристап во постојните политички процеси.



**Г-ѓа Марисол Турен**
Министер за социјални работи и здравство
Франција



# БЛАГОДАРНОСТ

Оваа публикација е подготвена во рамките на Економската Комисија на Обединетите Нации за Европа(ЕКОНЕ) / Светската здравствена организација Регинална канцеларија за Европа (СЗО/Европа). Тоа немаше да биде можно без дарежливата поддршка од многу влади, индивидуалци и меѓународни организации и не-владини организации.

Како заеднички секретаријат, би сакале особено да се заблагодариме на членовите од проектните тимови од земјите кои ја пилотираа бодовната картичка:

Украина: Ирина Руденко, Државен Санитарен и Епидемиолошки Сервис; Ирина Бајсарович, Тарас Шевченко, Национален Универзитет од Киев и Ана Цвиеткова, НВОМАМА-86

Франција (Поголемиот Париз урбана област): Делфин Камано, Министерствозасоцијалниработи и здравство; Силвен Ротилон и Одил Ниевиаер, Мери од Париз.

Португалија: Давид Алвеш и Алваро Карваљо, Регулаторен ентитет Сервис на Агуас и Резидуос (ERSAR).

Исто така сме многу благодарни на локалните експерти кои придонесоа во пилот вежбите преку обезбедување на податоци и коментари.

Во развојот на оваа алатка, многу ни помогнаа коментарите, идеите и инспирирањето на дополнителни членови од експертските групи во мониторинг прогресот во постигнување на еднаков пристап до вода и санитација:

Серик Ахметов, Министерство за заштита на животната средина, Казакстан

Армин Арушаниан, Министерство за заштита на природата, Ерменија

Алена Драздова, Министерство за јавно здравје, Белорусија

Фабиен Дупуи, Министерство за надворешни работи, Франција

Даг Хонгве, Институт за јавно здравје, Норвешка Тања Кнежевиќ, Институт за јавно здравје, Србија

Ингеборг Лимбург, Фламанска Агенција за животна средина, Белгија

Јаник Паваго, Министерство за социјални работи и здравство, Франција

Пјер Студер,Федерална канцеларија за јавно здравје, Швајцарија

ДидиерАлели,Светска здравствена организација

Ема Анакхасиан, НВО – Ермениски жени за здравје и здрава животна средина

Гаља Бардарска, Глобално партнерство за вода за Централна и Источна Европа (GWPCEE)

Хелен Бусард, Легислатива за води (WaterLex)

Мадока Саџи, Канцеларија на Високиот Комесар на Обединетите Нации за човекови права

Анри Сметс,Француска Академија за вода

Клаудиа Вендланд, Жени во Европа за заедничка иднина

(WECF)

Оливер Шмол и Енктсетсег Шине, заеднички секретаријат, СЗО/Европа

Франческа Бернардини, поранешен член на заедничкиот секретаријат, ЕКОНЕ

Николас Бонвоазин и Шантал Демилкапс, заеднички секретаријат, ЕКОНЕ

Дополнителни коментари се обезбедени од: Марта Варга, Унгарија; Џули Перкинс,UN-Habitat; Карен Амлаев, СЗО мрежата на Здрави Градови, Ксавиер Метрероберт, Aquafed.

Од ЕКОНЕ, Камил Марсело и Катри Велдре обезбедија административна поддршка на процесот. Надежда Камракулова, Алишер Мамаџанов и Володимир Кебало придонесоа во финализација на публикацијата. Публикацијата беше уредена од Кристина О’Шонеси. Роберто Мартин-Хуртадо, ЕКОНЕ консултант, беше главен автор на документот.

Заедничкиот секретаријат се заблагодарува на финансирањето обезбедено од Француското министерство за социјални работи и здравство.

Liberté • Égalité • Fraternité
RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
MINISTÈRE DES AFFAIRES SOCIALES ET DE LA SANTÉ



# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР** iii
**БЛАГОДАРНОСТ** v
**ЛИСТА НА АКРОНИМИ И КРАТЕНКИ** viii
**ВОВЕД** 1

Поглавје1 **ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ВОДА И САНИТАЦИЈА** **5**

- Предизвик 5
- Меѓународни обврски 6
- Рамки на управување на властите 6
- Намалување на географските разлики 6
- Обезбедување на пристап за ранливите и маргинализирани групи 7
- Овозможување на достапност на вода и санитација за сите 7

Поглавје 2 **КАКО ДА СЕ КОРИСТИ БОДОВНАТА КАРТИЧКА** **9**

- Како да се организира вежба за самопроценка и за споделување на резултатите 9
- Практични упатства - Белешки за пополнување на бодовната картичка 12
- Речник на клучните термини 13

Поглавје 3 **ИСКУСТВА НА ЗЕМЈИТЕЗА КОРИСТЕЊЕ НА БОДОВНАТА КАРТА** **17**

- Франција (поголем дел од Париз - урбана средина) 17
- Португалија 18
- Украина 19

Поглавје 4 **БОДОВНА КАРТИЧКА** **21**

Профил на земјата / регионот 22

- Социоекономски и секторски податоци 22
- Меѓународни обврски за вода и санитација 22

Дел 1 **РАМКИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ВЛАСТИТЕ ЗА ДА ОВОЗМОЖАТ ЕДНАКОВ ПРИСТАП НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И САНИТАЦИЈА** **23**

- **Област 1.1** Стратешка рамка за постигнување еднаков пристап 23
- **Област 1.2** Сектор за финансиски политики 24
- **Област 1.3** Права и должности на корисниците и другите носители на права 26

Дел 2 **НАМАЛУВАЊЕ НА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ** 27

- Квантитативни информации за географските разлики 27
- **Област 2.1** Јавни политики за намалување на разликите на пристап помеѓу географските области 28
- **Област 2.2** Јавни политики за намалување на разликите во трошоците помеѓу географските области 29
- **Област 2.3** Географска распределба за надворешната поддршка за секторот 30

Дел 3 **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСТАП ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ** 31

- Квантитативни информации за ранливите и маргинализирани групи 32
- **Област 3.1** Јавни политики за одговор на потребите на ранливите и маргинализирани групи 33
- **Област 3.2** Лица со посебни физички потреби 34
- **Област 3.3** Корисници на здравствените установи 35
- **Област 3.4** Корисници на образовните установи 36
- **Област 3.5** Корисници на домови за стари лица 37
- **Област 3.6** Затвореници 38
- **Област 3.7** Бегалци кои живеат во бегалски кампови и центри 39
- **Област 3.8** Бездомни лица 41
- **Област 3.9** Патници и номадски заедници 42
- **Област 3.10** Лица кои живеат во домови без вода и санитација 43
- **Област 3.11** Лица без пристап до безбедна вода за пиење и санитација на нивните работни места 44

Поглавје 4 **ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ВОДА И САНИТАЦИЈА ДОСТАПНИ ЗА СИТЕ** 45

- Квантитативни информации за достапноста 45
- **Област 4.1** Јавни политики за обезбедување на достапноста 46
- **Област 4.2** Тарифни мерки 47
- **Област 4.3** Мерки за социјална заштита 48

ПРЕГЛЕД НА РЕЗУЛТАТИ 49

# ЛИСТА НА АКРОНИМИ И КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **CSO / ГЗ** | Civil society organization / Граѓански здруженија |
| **ERSAR** | Entidade Reguladora dos Serviços de Águas e Resíduos / Регулаторна Агенција за услуги за вода и отпад |
| **EU / ЕУ** | European Union / Европска Унија |
| **GDP / БДП** | Gross domestic product / Бруто домашен производ |
| **NGO / НВО** | Non-governmental organization / Невладини организации |
| **SEDIF** | Syndicat des Eaux d'Île-de-France / Синдикат за води ... |
| **SIAAP** | Syndicat Interdépartemental pour l'Assainissement de l'Agglomération Parisienne / Синдикат меѓуресорски за санитација на агломерацијата на Париз |
| **SSES** | State Sanitary and Epidemiological Service of Ukraine / Државна санитарна и епидемиолошка служба на Украина |
| **UNECE** | United Nations Economic Commission for Europe / Економска комисија за Европа на Обединетите Нации |
| **UNICEF / УНИЦЕФ** | United Nations Children's Fund / Фонд за децата на Обединетите Нации |
| **WASH** | Water, Sanitation and Hygiene / Вода, санитација и хигиена |
| **WHO / СЗО** | World Health Organization / Светска здравствена организација |
| **WHO/Europe** | WHO Regional Office for Europe / СЗО регионална канцеларија за Европа |

# ВОВЕД

Пристапот до безбедна вода за пиење и санитација е човеково право, кое е дел од правото на соодветен стандард на живеење, содржани во член 11 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Тој е јасно признат од страна на Генералното собрание на Обединетите нации и од Советот на Обединетите нации за човекови права. Членките се затоа законски обврзани да обезбедат пристап до вода и санитација за сите и треба да преземат чекори кон потполно остварување на ова право. За да се усогласат со оваа обврска, тие треба да осигураат дека пристапот до вода и санитација е еднаков за целото население.

Некои луѓе бараат посебно внимание. На пример, луѓето кои живеат во мали рурални заедници, бездомните лица, или сиромашните кои живеат во градовите кои не можат да ја платат сметката за вода. Ако не се посвети посебно внимание на решенијата кои се фокусираат на оние луѓе кои е тешко да се опфатат, разликите во пристапот до вода и санитација најверојатно ќе се зголемат и ќе ги поткопа нашите напори.

Тешко е да се поверува дека во пан-Европскиот регион во 2011 година, 19 милиони луѓе немале пристап до подобрен извор на вода за пиење и 67 милиони луѓе немале пристап до подобрена санитација, што резултира секоја година во многу прерани смртни случаи. Ние наоѓаме значителни разлики не само меѓу земјите, туку и во земјите, и овие разлики не се случајни. На пример, во една земја, најсиромашните 40% од населението, се повеќе од седум пати со помали шанси да имаат пристап отколку најбогатите 20%. Пристапот до вода и санитација останува предизвик во пан-Европскиот регион, со специфични групи на население кои се соочуваат со реални пречки во сите земји.

Постојните правни и политички заложби побаруваат да ги адресираме нееднаквостите во пристапот до вода и санитација. На пример, страните на ОНЕКЕ-СЗО/Европскиот Протокол за вода и здравје се обврзаа себеси на обезбедување на еднаков пристап до снабдување со безбедна вода за пиење и соодветна санитација преку пристапување или ратификација на Протоколот. Во 2010 година Парма Декларацијата за животна средина и здравје постави цел за децата како ранлива група:

> Пан-Европскиот регион ќе „обезбеди на секое дете пристап до вода и санитација во домовите, центрите за згрижување на деца, градинките, училиштата, здравствените установи и јавните рекреативни води до 2020 година".

И земјите во пан-Европскиот регион, кои работат во рамките на Протоколот за вода и здравје, се соочуваат со предизвикот. Во 2012 година, Работната група за вода и здравје ја објави публикацијата *„Никој не е оставен: добри практики за да се обезбеди еднаков пристап до вода и санитација во пан-Европскиот регион"*.

Претставувајќи политички опции и добри практики, публикацијата идентификува три клучни предизвици во однос на еднаквиот пристап:

- Намалување на географските разлики во услугите кои ги обезбедува;
- Недискриминација или исклучување во пристапот до услугите на ранливите и маргинализирани групи
- Да се обезбеди финансиска достапност од страна на корисниците.

Публикацијата, исто така, укажува дека силната поврзаност помеѓу обезбедување на водоснабдување и санитација бара холистички пристап. Нејзината општа порака е дека ние имаме на располагање алатки на политиката и искуство во нивното користење за да се осигура дека ние можеме да направиме силен напредок кон универзален пристап до вода и санитација.

Тековниот документ претставува аналитичка алатка која може да им помогне на владите и другите засегнати страни да воспостават појдовна основа, да разговараат за понатамошни активности кои треба да се преземат и евалуација на напредокот преку процес на самооценување. Таа, исто така нуди насоки за тоа како да се користи аналитичката алатка, врз основа на искуството од трите пилот активности спроведени во Франција, Португалија и Украина.

Алатката е во форма на бодовна картичка. Тоа е листа на политички опции, и корисникот се очекува да обезбеди и да го оправда резултатот што го сумира степенот до кој се користат голем број на избрани политички опции. Бодовната картичка, исто така, повикува на квантитативни информации за да ги контекстуализира наодите и го опишува нивото на пристап до безбедна вода за пиење и санитација. Како корисник на бодовната картичка, треба да се чувствувате слободни за да ја прилагодите на Вашите сопствени потреби.

Бодовната картичка може да се користи од страна на секоја земја, регион, или град во светот за да се изврши самооценување. Таа е дизајнирана не за да се овозможат споредби помеѓу земјите (или под- национални територии), туку да и се овозможи на земјата (или под-националната територија) да се споредат сопствените различни резултати со текот на времето.

Иако бодовната картичка не е дел од официјалните извештаи во согласност со Протоколот за вода и здравје, страните на Протоколот се многу охрабрени да ја користат за да се добие основната анализа на еднаков пристап до вода и санитација, за идентификација на поврзаните приоритети, да се поставаат цели за премостување на утврдените недостатоци и да се оцени напредокот.

Постигнувањето и одржувањето на еднаков пристап зависи од добро функционирање на секторот на вода и санитација. Бодовната картичка не се фокусира на генералното функционирање на секторот за вода и санитација. Ниту, пак се осврнуваат на други околности штоможе да има влијание врз еднаков пристап до вода и санитација, како што се управување со водните ресурси. Бодовната картичка се фокусира на избрани прашања и индикатори кои заедно можат да обезбедат солиден преглед на состојбата на пристап до вода и санитација во однос на еднаквоста во различни времиња.

Процесот на самопроценка, како што е прикажано од страна на искуството на Франција (поголемиот Париз урбана област), Португалија и Украина, може да им овозможи на властите да идентификуваат соодветни партнери да преземат дополнителни работа, да помогне да се иницира соработка меѓу авторитетите и меѓу авторитетите и другите заинтересирани страни, и може да генерира придонес за процесите на креирање политики. Со вклучување на широк спектар на заинтересирани страни, самопроценката може да ја подигне свеста и да се овозможи развој на заедничко разбирање на еднаквоста до пристап до вода и санитација, како и креативно размислување.

Употребата на бодовната картичка може да помогне во воведување на пристап базиран на докази и структуриран приод на дискусииите помеѓу засегнатите страни. Ова може да овозможи развој на „висока резолуција" на ситуациона анализа (вклучувајќи идентификација на постоечките политики и тековни активности, и да покаже празнини помеѓу законодавството и реалностите на терен) кои можат да овозможат објективна дебата. Бодовната картичка, исто така, може да помогне да се прошири опсегот на разговорите и да се разјасни потребата од подобрување на достапноста на информациите и доверливоста.

Останатиот дел од документот е структуриран околу четири дела. Дел 2 накратко дискутира за предизвиците, димензиите и напорите потребни за да се обезбеди еднаков пристап до вода и санитација. Дел 3 обезбедува насоки за тоа како да се користи бодовната картичка:и стратегиските насоки за тоа како да се организира вежба за самопроценка, како и практична насока за тоа како да се пополни бодовната картичка. Дел 4 ги презентира искуствата на Франција (поголемиот Париз урбана област), Португалија и Украина вокористењето на бодовната картичка. Дел 5 ја претставува самата алатка.





Поглавје 1

# ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ВОДА И САНИТАЦИЈА

## ПРЕДИЗВИК

Сегашните нееднаквости во пристапот до безбедна вода за пиење и соодветна санитација бараат специфични пристапи. На едно лице може да му недостасува пристап до безбедна вода за пиење и санитација, едноставно затоа што нема пристап до безбедна вода и санитација во заедницата, или заради деградација на водните ресурси (недостаток, загадување), но почесто се должи на слаботo или никакво управување со водни и санитарни инфраструктури. Или лице може да има пристап, но не може да си дозволи да ја плати сметката за вода и санитација без да се намали потрошувачката на други основни стоки и услуги.

Заедницата може да има пристап до безбедна вода за пиење и санитација, но тие услуги (а) не се прилагодени на посебните потреби на одредени групи (на пример, лица со посебни потреби), (б) не се адекватно достапни во институциите на кои тие групи се потпираат (на пример, училишта, затвори, бегалски кампови) или (в) одредени групи (на пример, етнички малцинства, нелегални доселеници) може да биде одбиен пристапот до вода и санитација поради намерни или ненамерни дискриминаторски практики.

Во Пан-европскиот регион, четири контекстуални предизвици ги обликуваат нееднаквости за пристап до:

- **Достапност на водните ресурси.** Деградација на квалитетот на водните ресурси значи дека многу градови и села кои се потпираат на локалните извори на вода немаат пристап до безбедна вода, додека недостатокот на вода може да ги лиши некои градови и села од пристапот. Загадените води може да се третираат за да се направат погодни за пиење и слатките води можат да бидат донесени на долги растојанија, но овие технички решенија може да вклучуваат премногу трошоци.
- **Урбан/рурален јаз и достапност на инфраструктура за водоснабдување и санитација.** Руралните области во пан-Европскиотрегион имаат значително пониски нивоа на пристап до вода и санитација од урбаните средини.
- **Специфични бариери со кои се соочуваат ранливите и маргинализирани групи**. Луѓето кои припаѓаат на овие групи не уживаат ист вид на пристап до вода и санитација како и остатокот на општеството. Ситуацијата се разликува во зависност од група, како на пример: (а) лицата со посебни физички потреби (како што се лицата со хендикеп или болни); (б) лица кои се потпираат на јавни објекти (на пример патници или бездомници);

(в) луѓе кои ги користат објектите обезбедени од институциите, како што се болници, училишта, затвори или бегалски кампови или (г) луѓе кои живеат во нехигиенски домови.

- **Економска достапност.** Ова е растечка загриженост за сите земји. За најсиромашните земји, или голем дел од населението издвојуваат голем дел од своите приходи да плаќаат за вода и санитарни услуги, или тие на крајот ќе бидат соочени со оваа ситуација како што тарифите може да се зголемат за да се обезбеди финансиска одржливост. Во земјите на ЕУ, построги цели за квалитет на вода и напредок кон целосно покривање на трошоците, исто така, значи дека плаќањето за вода и санитарни услуги станува вистинска грижа за семејствата со ниски приходи.

## МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Човековото право на вода и санитација дава право на секого за вода и санитација, која е достапна, пристапна, прифатлива и сигурна (Комитетот за економски, социјални и културни права, Општ коментар 15 (E/C.12/2002/ 11), резолуција на Генералното собрание 64/292, резолуција на Советот за човекови права A/HRC/RES/15/9). Некои компоненти на правото на вода и санитација се смета дека е предмет на прогресивна реализација, но обврските како што се на недискриминација се од непосреден ефект. Оттука, може да се донесат позитивни мерки на дискриминација за да се обезбеди пристап за сите пред подобрување на условите за пристап за оние кои веќе уживаат во тоа.

Според Протоколот за вода и здравје, Страните мора да обезбедат пристап до вода и санитација за сите. Како и други клучни компоненти на човековото право на вода, како што се пристап до информации, учество на јавноста и мерки за отчетност, Протоколот специјално ги обврзува своите страни за промоција на еднаков пристап до вода и санитација „за сите членови нанаселението, особено на оние кои страдаат од недостаток или социјална исклученост". Протоколот обезбедува цврста рамка запреведување во пракса на човековото право на вода и санитација, особено преку поставување на конкретни цели и целни датуми прилагодени на ситуацијата и капацитетот на земјата.

Државите треба да ги користат максимум расположливите ресурси за целосна реализација на правото за вода и санитација. Истовремено, како во однос на примената на човековите права и спроведувањето на Протоколот, меѓународната заедница признава законска обврска за помош и соработка. Иако значителни финансиски ресурси севеќе посветени од страна на меѓународната заедница за подобрување на пристапот до вода и санитација, се уште постои потреба да се зголемат овие придонеси.

## РАМКИ НА УПРАВНОТО ВЛАДЕЕЊЕ

Остварување на правото на вода и санитација бара политичка посветеност и долгорочна визија. Тековните национални и локални рамки на управување со водата понекогаш не успеваат да испорачаат еднаков пристап поради следниве причини: (а) пошироките рамки на управување може да ја ограничат или да ги поткопаат напорите во секторот за вода; (б) слабото управувањето со вода резултира со лоша работа во секторот; и (в) сегашните рамки за управување со вода често се „слепи во еднаквоста".

Сепак, доброто управување и менаџирање со води може да оди долг пат кон постигнување на еднакви пристапни цели. Примери вклучуваат транспарентност и пристап до информации, вклучувајќи и учество на засегнатите страни во процесот на одлучување, стимулации за оператори за да се подобри ефикасноста и да се намалат трошоците, и механизмите за одговорност и надомест на штета ефикасно достапни за сите луѓе.

Тоа веројатно нема да биде доволно. Примена на „лекѝ за еднаков пристап" ќе го забрза напредокот. Ова бара акционен план ориентиран кон резултати, градење на анализа на ситуацијата на земјата и контексно-специфични индикатори на специфичност.

Сите заинтересирани страни за вода и санитација треба да бидат ангажирани и улогите и одговорностите идентификувани и доделени. Корисниците на вода мора активно да учествуваат, а не само како корисници. Транспарентност, пристап до информации, образование и механизми на учество треба да се институционализираат за да се обезбедат еднакви и одржливи резултати. Учеството на членовите на ранливите и маргинализирани групи, претставува вистински предизвик за сите земји и треба да им се даде посебно внимание. Операторите со вода треба да бидат повеќе одговорни за обезбедување на еднаков пристап, и владата и граѓанските општествени организации треба да играат поголема улога.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ

Дури и во рамките на иста земја, услугата на водата во различни географски области може да биде многу различна. Според Заедничката мониторинг програма на Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ) и Светската здравствена организација (СЗО), во 2011 година, пристапот до подобрени решенија за вода и санитација во руралните области во пан-Европскиот регион е понизок отколку во урбаните средини. На пример, во Кавказ и Централна Азија, 96% од населението кое живее во урбани средини има пристап до подобрени извори на вода во однос на 79% во руралните области. Покрај тоа, во регионот на СЗО/Европа, 96% од урбаните домаќинства уживаат пристап доводоводна мрежа

во домот спроти 72% за руралните домаќинства. Ова може да се должи не само на основните структури на трошоци, ноисто така, на политичкото влијание и одлуки.

Намалувањето на јазот во пристап бара политички, финансиски и технички напори. Меѓународната соработка може да игра важна улога во затворањето на овие недостатоци, со фокусирање поддршка на области кои секоја земја ги идентификувала како заостанати. Поважно, географските разлики во пристапот не се само прашање на политика за вода, но исто така и прашање на регионалната политика.

Јавната политика има фундаментална улога во намалување на цената на диспаритетите меѓу географските области преку: (а) таргетирање инвестициони програми и субвенции за областите со повисока цена на услугата, (б), овозможено вкрстено субвенционирање од области со висок приход и ниска цена на чинење кон области со низок приход и висока цена на чинење, и (в ) промовирање на ефикасност и рационални цени преку реформата за секторска организација и употреба на информациони алатки како што се компаративни и тарифни референтни вредности.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСТАП ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ

Принципите на човековите права ја нагласуваат потребата за активно дизајнирање на политиките за вода и санитација кои даваат приоритет и адресираат на потребите на ранливите и маргинализирани групи. Водата и санитацијата на овие групи е често прашање на социјалната исклученост, а не само прашање на вода.

Секоја од овие групи има свои потреби и се соочува со разни бариери за да се постигне еднаков пристап. Креаторите на политиката и спроведувачите мора да посветат време и ресурси за да ги идентификуваат овие групи, да се испита дали тие се вклучени, и да се осигура дека нивните потреби се земени предвид. Во многу случаи, адекватните решенија бараат интегриран одговор, со комбинирање на политики и да се обезбеди соработка во јавните институции. Решенијата исто така, бараат насочени финансиски ресурси, но тие се ретко многу големи во споредба со буџетот за вода и санитација на земјата. Решенијата во најголем дел бараат зголемување на свеста и специфичен фокус меѓу креаторите на политиката и техничкиот персонал.

## ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДА И САНИТАЦИЈА ПРИФАТЛИВА ЗА СИТЕ

Во земјите од Западна Европа, зголемувањето на трошоците за вода и санитација (се должи пред сé на повисоките барања за третман на отпадни води) било и ќе продолжи да се рефлектира во сметките за вода и санитација. Во земјите од Источна Европа, каде што цените на водата биле традиционално ниски, сметката за вода, најверојатно, ќе се зголеми. Достапност е честа и зголемувачка загриженост во пан-Европскиот регион, и се бара усвојување на долгорочна стратегија во секоја земја. Инаку, голем здравствен проблем би можело да произлезе, како што луѓето се соочуваат со зголемување на цената на водата може да се насочат кон помалку скапи, но помалку безбедни алтернативи, како што се приватните бунари со подземна вода со сомнителен квалитет на водата.

Грижите за достапност не се само поврзани со нивоата на тарифите; тие се, всушност, управувани од пет сета на променливи во дадена земја или област:

- нивото на приход и распределба на приходот;
- трошоците за обезбедување во дадена земја или област;
- политики на субвенција;
- воспоставени тарифни политики;
- индивидуално однесување на корисниците во однос на потрошувачката на вода.

Усогласеноста со националните индикатори на достапност не е доволно да се обезбеди дека групите на луѓе со ниски приходи во секоја земја имаат прифатлив пристап; специфични политики треба да се развиваат. Достапноста е повеќе од само прашање на водата; тоа е социјално прашање на заштитата које бара вклучување аспекти на вода и санитација во дискусиите на социјалната политика.

**Многу политички опции се достапни за да се справат со проблемите на достапност, и во тарифата и надвор од тарифата. Критериумите за избор треба да ја содржат нивната ефективност во опфаќање на целните групи и нивните барања во однос на административниот капацитет и трошоци. Потпирајќи се само на тарифниот дизајн не е доволно за да се обезбеди достапност: усвојувањето на социјалните тарифи и мерки на социјална заштита е потребно, во очекување на постоење на „социјално политичка инфраструктура“. Опциите кои се однесуваат на грижите за достапност ќе бараат финансирање од други корисници на вода или од даночните обврзници. Системите финансирани од корисниците се под зголемен притисок и може да ги достигнат нивните граници во некои случаи. И прашањата за управување со водата во однос на политички опции (на пример: фрагментација на обезбедувањето на услуги во многу подрачја) го ограничува опсегот на вкрстените субвенции меѓу корисниците.**





Поглавје 2

# КАКО ДА СЕ КОРИСТИ БОДОВНАТА КАРТИЧКА

## КАКО ДА СЕ ОРГАНИЗИРА ВЕЖБА ЗА САМОПРОЦЕНКА И ЗА КОМУНИКАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Делот нуди стратешки упатства, базирани на искуството од три пилот вежби (видете Поглавје 3). Во спроведувањето на вежбата за самопроценка, земјите треба да ги имаат во предвид нивните цели, пречки и можности. Упатствата не се наменети да се гледа на нив како тесна јакна.

1. **Појаснување на целите.** Вежбата за самопроценка може да има повеќе цели. Најчесто, примарна цел ќе биде да се информираат и да влијаат на веќе постоечки или планирани политички процеси. Овој политички процес ќе влијае на времето на вежбата за самопроценка, како и на исходите. Исто така, треба да бидат идентификувани дополнителни цели, кои ќе го оформат дизајнот на вежбата.

   Пример за секундарни цели ги вклучува:

   - постигнување на подобро разбирање за состојбата и предизвиците
   - идентификување на недостатоци во информирањето и политиките
   - подигнување на свеста помеѓу заинтересираните страни
   - идентификување на релевантните заинтересирани страни и креирање на врска со нив
   - идентификување на можностите за подобра соработка помеѓу комплементарните политички мерки.

2. **Избор на лидер на проектот.** Заради тоа што проценката на еднаков пристап то вода и санитација допира многу нешта, треба бидат вклучени многу заинтересирани страни. На пример: различни министерства (финансии, здравство, образование, животна средина, внатрешни работи, правда и социјални политики), регулаторни агенции, локални власти, даватели на услуги и регулатори за вода и санитација, граѓански здруженија кои работат со различни ранливи групи, и организации на потрошувачите. Иако, не постои "природен лидер" да ја води имплементацијата на вежбата за самопроценка и јасен мандат за проектот, лидер ќе биде неопходен. Пожелно е, водечка огранизација на самопроценката да биде владина агенција со јасен мандат

3. **Планирајте го потребното време.** Пилот вежбите биле развиени за околу шест месеци, но пореална временска рамка би можела да биде една година. Вежбата треба да вклучи: избор на лидер на проектот и воспоставување на "клучен тим" (месец 1), организирање на почетна работилница (месец 2), собирање на податоци и пополнување на бодовната картичка, комплетирање на извештај со прелимнарни наоди (месец 7), организирање на работилница за да се дискутираат наодите (месец 8), и организирање на политички настан за да се презентираат наодите од вежбата за самопроценка и да се дебатираат размислувањата за финансиските ресурси во политичкиот процес (месец 11).

   Неопходно е да се идентификува точно време за да се обезбеди инпут на политичкиот процес на кој самопроценката има намера да влијае. Времето е важно, затоа што ако процесот трае предолго постои ризик заинтересираните страни да може да се откажат.

4. **Идентификувајте ги правите партнери и ставете ги заедно во балансиран "клучен тим".** Дури и ако водечката организација е многу комптетентна, можно е таа да нема широк диверзитет на експертиза неопходна за комплетирање на самопроценката. Изборот на членовите на "клучниот тим" на тој начин станува критичен чекор и е веројатно дека одзема многу време. Балансиран клучен тим може да се постигне со партнерство со други организации кои имаат комплеметарна експертиза и контакти (на пример во областа на социјални прашања) или со склучување договори со експерти за подготовка на посебни поглавја од вежбата за самопроценка. Во секој случај, препорачливо е да се развијат работни задачи за членовите на клучниот тим, вклучително и одговорности за спроведување анализа и давање препораки.

5. **Обезбедете широка и континуирана вклученост на повеќе заинтересирани страни.** Табелата 1 дава примери на заинтересираните страни да бидат вклучени во вежбата за самопроценка. Првата група на заинтересирани страни е претставена од различни владини министерства и агенции кои имаат влијание на исходите за еднаков пристап. Формални канали можат да се користат за да се побара да ги пополнат релевантните делови на бодовната картичка; и бодовната картичка е дизајнирана да го направи тоа возможно.

   Различна група на заинтересирани групи е претставена од граѓанските здруженија. Често не постои пред-постоечки механизам за собирање инпути од организации кои работат на социјални прашања кои имаат релевантен инпут да дадат, но можно е да не ја согледуваат корисноста од земање учество во вежбата за самопроценка. Ова го прави препорачливо да се развие структуриран приод за да истите се вклучат. Една опција е да се има како дел од "клучниот тим" една агенција или организација која има добри контакти помеѓу граѓанските здруженија, која може да ја преземе водечката улога во собирањето на нивниот придонес.

   Давателите на услуги за вода и санитација исто така треба да треба да бидат вклучени во процесот и може да бара посветени брифирања за тоа зошто прашањата за еднаков пристап би требало да се важни за нив.

**ТАБЕЛА1.** Примери на заинтересирани страни кои треба да се вклучат во вежбата за самопроценка

| | |
|---|---|
| **МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИ ЈАВНИ ВЛАСТИ** | Министерство за здравство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за социјални политики, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа |
| **ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА** | Здруженија на потрошувачи, Граѓански здруженија кои работат со ранливи и маргинализирани групи (пр: религиозни групи), Фондации, Синдикати, Академици и независни експерти |
| **ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ** | Јавни комунални претпријатија, Агенција за храна и ветеринарство, Државен санитарен и здравствен инспекторат и др. |

6. **Планирајте ја внимателно работилницата.** За да се обезбеди рано вклучување на различни заинтересирани страни, одржете полудневна "почетна работилница" објаснувајќи го образложението, целите, процесот и очекуваните исходи од вежбата за самопроценка. Оваа работилница може да биде корисна во идентификувањето на дополнителни заинтересирани страни кои би требало да се вклучат во вежбата. Од практични причини, полудневната работилница би можело веднаш да биде проследена од друг полудневен работен состанок на клучниот тим за самопроценка.

   Важно е потоа да се одржи "работилница за наодите" за да се презентираат привремените резултати, соберат дополнителни информации, идентификуваат опциите за реформи и дискутираат можните препораки. Таква работилница може да се одржи во тек на два дена (еден ден со паралелна работна сесија посветена на различни делови од бодовната картичка) за да се обезбеди доволно време за дискусии и да се овозможи на заинтересираните

страни корисно да интервенираат. Различни теми може да бидат презентирани од експертите кои ја воделе подготовката на различни поглавја или делови од документот кој се дискутира. Важно е работилницата да се перципира како технички настан каде што заинтересираните страни можат да се чувствуваат безбедно кога ги искажуваат нивните загрижености и мислења.

7. **Адаптирајте го користењето на бодовната картичка на целите и потребите на процесот.** Бодовната картичка е дизајнирана за да обезбеди сеопфатен преглед. Некои од нејзините делови може да не се особено релевантни (пр: географски различности кога територијата која се анализира е една и во голема мера хомогена урбана средина), или земјата може да идентификувала јасни приоритети помеѓу бројните предизвици за еднаков пристап до вода и санитација. Во тие случаи, користењето на бодовната картичка може да биде контрапродуктивно, затоа што ќе бара собирање на информации и дискусија за нешта што го одвлекуваат вниманието од нештата од примарен интерес.

   Во други случаи, може да биде соодветно да се додадат нови области во бодовната картичка - на пример ако состојбата на релевантна ранлива и маргинализирана група не е добро опишана во било која од областите вклучени во делот 3 од бодовната картичка.

   Дополнително, во зависност од природата на процесот, доделување и презентирање на резултатите може да доведе повеќе до спорни  отколку до корисни дискусии. “Клучниот тим” може тогаш да размисли да ги чува резултатите за интерна употреба и да ги храни дискусиите на заинтересираните страни со собраните информации. Како и да е, во најголем дел од случаите, потполна самопроценка со резултати ќе биде најсоодветна опција, барем за почетната самопроценка.

8. **Користење на резултатите од бодовната картичка за стратешка евалуација и поставување приоритети.** Бодовната картичка е корисна алатка за развој на сеопфатен преглед на постојните мерки на политиката за да се адресираат нееднаквостите во пристапот до вода и санитација. Тоа значи дека е особено силна како помош во воспоставување на приоритетите, во услови на пополнување на јазот во информации и политики. Бидејќи е потребно доста време за да се одговори, не се препорачува како годишна алатка за следење.

   Бодовната картичка не е дизајнирана да ги евалуира индивидуалните мерки на политиката - туку евалуацијата на постојните мерки на политиката би било неопходно за да се подржи проценката со бодовната картичка. Една од придобивките од користење на бодовната картичка ќе биде идентификување на мерките на политиката и извештаи за евалуацијата, како и недостатоците при евалуацијата на мерките на политиката. Резултатите од вежбата за самопроценка може да се користат за креирање на цели и датуми за целите во рамки на Протоколот за вода и здравје, како и за идентификување на кои индивидуални мерки би требало да се приоретизираат за следење и за идна евалуација на напредокот.

   Се препорачува циклусот на самопроценка да го следи оној од политичкиот процес кој се бидува да му влијае – на пример, подготовката на петгодишен стратешки план за секторот за вода и санитација. Резултатите од самопроценката би можеле исто така да влијаат на другите стратешки планови, како што се националниот план за здравје и животна средина, стратегијата за социјална инклузија, регионалниот план за развој, или национални планови за училишта или затвори.

9. **Презентирајте ги резултатите во атрактивен формат.** Бодовната картичка е основно алатка за собирање, организирање и евалуација на постојните информации. Таа вклучува “резиме” за олеснување на комуникацијата на резултатите. Резимето е корисно за идентификување на високо ниво на агрегација, областите на акција што заостануваат. Меѓутоа, само по себе бодовната картичка не добра комуникациона алатка за да ја опфати не-специјализираната јавност.

   Заради тоа е препорачано да се подготви *ситуациона анализа* од околу 10 страни што ќе ги резимира главните наоди од бодовната картичка, обезбеди примери за напредокот, идентификуваат приоритетни области за итна акција и преложат специфични препораки.

   Едно дури и пократко *резиме за политиките* од помалку од четири страни би била корисна комуникација за да се стигне до врвот на официјалната власт и за комуникација на резултатите до јавноста преку јавните медиуми. Ќе биде неопходно да се обезбеди посебен буџет за развој и подготовка на овие продукти за комуникација.

10. **Користете ги резултатите за следење на напредокот, не за споредба со другите.** Алатката е креирана за да и помогне на земјата (или регионот) да го прати сопствениот напредок кон еднаков пристап. Алатката не е дизајнирана за да воспостави споредба помеѓу земјите (или регионите), затоа што пан-Европскиот регион вклучува земји (или региони) со различно ниво на социјално-економски развој и организација на секторот за вода и санитација.

    Аналитичарите кои сакаат да направат споредби се охрабруваат да ги користат податоците за контекстот понудени од профилот на земјата или регионот со цел да ги идентификуваат погодните земји/региони за споредба. Во правењето на овие споредби, посебно вниманите треба да се земе  затоа што дефинициите на статистиката може значително да се разликуваат и резултатите би можеле да бидат многу субјективни.

## ПРАКТИЧНИ УПАТСТВА – БЕЛЕШКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БОДОВНАТА КАРТИЧКА

**Основни информации.** Основни информации за прашањата на еднаков пристап може да се најдат во публикацијата на ОНЕКЕ - СЗО/Европа «Никој не е оставен позади». Воведот на секој дел од бодовната картичка укажува на соодветното поглавје во публикацијата «Никој не е оставен позади», која се однесува на секоја област на делување.

**Речник.** Краток речник ги дефинира клучните концепти кои се користат во бодовната картичка. Вреди да се истакнат две прашања

Во овој документ, изразот «пристап до вода и санитација» се состои од пет димензии кои го дефинираат човековото право на вода и санитација: достапност, пристапност, прифатливост, квалитет/безбедност и исплатливост. Достапноста е специјално опфатена во членот 4 од бодовната картичка.

Овој документ се однесува на изразот «еднаков пристап до вода и санитација», што е текст од Протоколот за вода и здравје. Некои експерти го претпочитаат изразот «еднаквост и недискриминација». Иако постојат некои разлики во конотација, овие два искази може да се сметаат за еквивалент од практична гледна точка.

**Структура на алатката** Алатката вклучува краток профил на земјата (што се фокусира на квантитативните податоци за да помогне да се стават резултатите во контекст), како и четири делови кои се однесуваат на широки теми. Четирите тематски целини се понатаму поделени во области на акција - кои се фокусираат на мерките што се преземаат за подобрување на еднаквиот пристап.

**Квантитативни информации.** Ако е можно, изворот на квантитативни информации треба да биде официјалната статистика. Кога се обезбедуваат информации во врска со финансиските ресурси, наведете ја валутата.

**Методологија на бодување.**

- Напредокот во рамките на секоја област на делување, се мери преку квалитативни прашања. Бројот на прашања варира помеѓу 2 и 6.
- Секое прашање бара еден одговор. (Постојат четири можни одговори: Не / До одреден степен / Во голема мера / Да). Табелата подолу дава насоки за тоа како да се протолкува секој можен одговор. Испитаниците се охрабруваат да ги распределат одговорите по четири можни резултати за да се избегне кластерирањето на сите одговори во «до одреден степен» и «во голема мера» категории.
- Секој одговор мора да биде оправдан. Да се стори тоа, испитаниците можат да користат квантитативни или квалитативни информации од правни документи, советодавни документи, аналитички извештаи, анкети, или слични извори. Испитаниците се охрабруваат да користат простор колку што е потребно.
- Веродостојноста на секој одговор треба да биде самоевалуирана (види подолу).
- Еден резимиран резултат треба да се пресметува за секоја област на делување . Овој резултат мора да се пресметува земајќи ги предвид бодовите за секое прашање, како и бројот на прашања во рамките на секоја област на делување. Само одговори со висок или среден степен на сигурност треба да се сметаат при пресметување на вкупниот резултат.
- Вкупната оценка мора да се репродуцира во сумарниот документ.

| БОДУВАЊЕ | ИНТЕРПРЕТАЦИЈА |
|---|---|
| **НЕ** | Нема или многу малку докази за поддршка на позитивен одговор се на располагање, или на национално или на локално ниво. |
| **ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН** | Има некои ограничени информации на локално ниво за поддршка на позитивен одговор. Има некои ограничени информации на национално ниво делумно за поддршка на позитивен одговор. |
| **ВО ГОЛЕМА МЕРА** | Постојат обемни информации на локално ниво, и некои на национално ниво за поддршка на позитивен одговор. |
| **ДА** | Има доволно докази достапни на национално ниво, кои целосно се за позитивен одговор. |

**ЗАБЕЛЕШКА:** Терминот «информации» и «докази» во оваа табела треба да се толкува како релевантна квалитативна или квантитативна информација за поддршка на одговорот на прашањето

**Методологија за проценка на сигурноста.** Испитаниците треба сами да оценат колку е сигурен секој од одговорите во однос на процесот на собирање и известување на податоците, а не самите податоци.

- Три нивоа на сигурност: висок (многу сигурен), среден (сигурен), ниско (несигурен).
- Критериуми за доделување на степен на сигурност: процедури, следливост и валидација.
- Во табелата подолу се дадени насоки за тоа како да се додели ниво на сигурност, според овие критериуми:
- Вкупното ниво на сигурност за секоја област на делување треба да се одреди како следи:

  Високо - ако сите одговори од областа на акција се класифицирани како високи

  Средно – доколку нема одговор класифициран како низок, а најмалку еден одговор се распоредува како среден

  Ниско - Ако барем еден одговор е класифициран како низок.
- Вкупното ниво на сигурност за секоја област на делување мора да се репродуцира во сумарниот документ.

| ВИСОКО: МНОГУ СИГУРНО | СРЕДНО: СИГУРНО | НИСКО: НЕСИГУРНО |
|---|---|---|
| Постои кохерентен и лесно достапен сет на документи кои ги идентификуваат одговорностите за собирање на податоци, третман и контрола на квалитет.<br>Податоците можат да се следат од формален извор кој е достапен за било кое заинтересирано лице.<br>Податоците се официјално валидирани. | Одговорностите за собирање на податоци, третман и контрола на квалитетот се идентификувани.<br>Податоците може да се проследат до изворот.<br>Податоците се валидирани. | Одговорностите за собирање на податоци, третман и контрола на квалитетот не се идентификувани.<br>Не сите податоци можат да се проследат до изворот.<br>Не сите податоци се валидирани. |

**ЗАБЕЛЕШКА:** Терминот «податоци» во оваа табела треба да се толкува како и секоја соодветна квалитативна или квантитативна информација како поддршка на одговорот на прашањето

**Нерелевантни прашања.** Не сите прашања во рамките на секоја област на делување се подеднакво важни за сите земји или региони во пан-Европскиот регион. Ако оние кои се одговорни за пополнување дел на бодовната картичка сметаат дека одредено прашање не е релевантно, тие се охрабруваат да оправдаат зошто е тоа така.

**Сумарен документ.** Резимето на резултатите за 20 области на дејствување е прикажани во прегледот на состојбата на крајот на документот. Сумарниот документ може да помогне да се идентификуваат области на дејствување каде што земјата (или регионот) заостанува, како и области каде што достапните информации се особено несигурни.

## РЕЧНИК НА КЛУЧНИТЕ ТЕРМИНИ

**Пристап до безбедна вода и санитација.** IВо овој документ, пристапот до безбедна вода за пиење и санитација се однесува на *ефективен* пристап до овие услуги, без разлика дали пристапот е обезбеден преку јавните водоводни мрежи, или преку приватни решенија.

Како што е користен во овој документ, концептот вклучува четири од петте димензии кои се бараат согласно човековото право на вода и санитација:

- *достапност*
- *пристапност*
- *прифатливост*
- *квалитет/безбедност.*

Тоа не ја вклучува способноста за плаќање, затоа што таа димензија е адресирана посебно во делот 4 на бодовната картичка. Имајте на ум дека ова не кореспондира со дефиницијата за *подобрени извори на вода и подобрени санитарни објекти* кои се користат од страна на СЗО/УНИЦЕФ Заедничката Програма за мониторинг за да се следи напредокот кон Милениумските развојни цели.

*Водата за пиење* е водата што се користи или е наменета да биде достапна за употреба од страна на луѓето за пиење, подготовка и готвење на храната, за лична хигиена или за слични цели.

*Безбедната вода за пиење* е вода со микробилошки, хемиски и физички карактеристики кои ги исполнуваат упатствата на СЗО или националните стандарди за квалитет на водата за пиење.

**Одговорност.** Во контекст на човековите права, одговорноста опфаќа мониторинг механизми и правен лек. Давателите на услуги и јавните официјални лица мора да бидат одговорни на корисниците.

Промовирање на одговорноста вклучува развивање на ефикасни тела и процеси за следење, осмислување на јасни индикаторите за проценка на прогресот, достапноста и фер и еднаквата дистрибуција на ресурсите за вода и санитација во согласност со потребите.

Исто така вклучува и создавање на сигурни, достапни и ефективни судски и административни механизми за жалби кои им овозможуваат на луѓето задоволително да се преиспитаат нивните поплаки.

**Достапност.** Објектите и услугите за санитација и вода мора да бидат пристапни со цена која секој може да си ја дозволи. Обврската да плаќаат за услугите, вклучително изградбата, чистењето, празнењето и одржувањето на објектите, како и третман и одлагање на фекалните материи, не смеаат да влијаат на човековите капацитети да се здобијат со другите основни стоки и услуги, вклучувајќи ја храната, домувањето, здравството и образованието гарантирани со другите човекови права.

Соодветно на тоа, достапноста може да се процени со оглед на (а) на финансиските средства кои треба да бидат резервирани за исполнување на други основните потреби и цели, и (б) средствата кои се на располагање за да се плати за услугите за вода и санитација.

**Партнери за развој.** Во контекст на развојот на соработката, се однесува на бројни партнери кои ја подржуваат владата во транзиција или земјата во развој, да се дизајнира и имплементира агендата за развој. Овие партнери може да ги вклучат билатералните агенции за развој и соработка (на пример: Шведска Меѓународна Развојна Агенција), меѓународни финансиски институции (на пример: Светската Банка), меѓународни институции за техничка соработка (на пример: ОНЕКЕ) и меѓународни невладини организации (на пример Глобално партнерство за вода).

**Еднаков пристап до безбедна вода и санитација.** Во контекст на овој документ, ова се однесува на пристапот да биде сличен за сите луѓе, без оглед на тоа каде живеат, дали припаѓаат на ранливи или маргинализирани групи и поврзаните трошоци да бидат прифатливи за сите корисници.

**Подобрени објекти за санитација.** Подобрен објект за санитација е дефиниран оној каде има хигиенско одделување на човековите екскрети од контакт со човекот.

**Подобрени извори на вода за пиење.** Подобрен извор на вода за пиење се дефинира оној што по природата на неговата изградба или преку активна интервенција е заштитен од надворешно загадување, особено од загадувањето со фекални материи.

**БДП.** Бруто домашниот производ е показател за големината на економијата мерена преку вредност на стоките и услугите кои ги произведува. Во овој документ треба да се наведе дали добиените податоци за БДП се искажани во *номинални* (тековна година) услови или во *реални* услови (по корекција на инфлацијата).

**Најниската петтина, најниската десетина.** Според распределбата на приходите или богатството на земјата е обично анализиран со поделба на населението во пет или десет групи во зависност од нивото на приходи или богатството.

Кога бројот на групите е пет, секоја група претставува „петтина", кога бројот на групите е десет секоја група претставува една „десетина". „Најниската петтина", се однесува на групата со најниски приходи или богатство, кога општеството е поделено во пет групи. „Најниската десетина" се однесува на групата со најниски приходи или богаство, кога општеството е поделено во десет групи.

**Недискриминација.** Недискриминацијата е од централно значење за човековите права. Дискриминација на забранетите основи вклучувајќи ја расата, бојата, полот, возраста, јазикот, религијата, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, особина, раѓање, физичка или ментална неспособност, здравствената состојба или било кој друг граѓански, политички, социјален или друг статус, треба да се избегнува, како законски така и во пракса.

**Пери-урбани области.** Области кои се граничат со урбаните средини, се наоѓаат помеѓу предградијата и селата.

**Линија на сиромаштијата.** Вредност што укажува на минималното ниво на приходи на физичките лица кои се сметаат за соодветни. Дефинициите и вредностите на официјалните линии на сиромаштијата се разликуваат од земја во земја.

**Затвореници.** Луѓето кои се во затвори, без разлика дали добиле конечна пресуда.

**Прогресивна реализација.** Прогресивната реализација на човековото право на вода и санитација бара државите да ги превземат специфичните и целни чекори до максимум од расположливите ресурси. Државите се бара да се движат кон целта, за целосна реализација колку е можно поекспедитивно и ефективно, во рамките на меѓународната соработка и помош, каде што е потребно. Одредени аспекти на овие права се непосредни обврски, вклучувајќи го и барањето да им се гарантира, без дискриминација.

**Прогресивни тарифни системи.** Тарифни системи каде што тарифата на метар кубен се зголемува со обемот на консумирање. Тоа е обично артикулирано преку дефинирање на три или повеќе блокови од потрошувачката на вода и примена на различни тарифи на секој блок.

**Јавни финансиски ресурси.** Финансиски средства обезбедени од страна на владите (без разлика дали се национални, регионални или локални). Потеклото на средствата најчесто е општо оданочување (на пример, приход или данокот на додадена вредност), но, исто така, вклучува и други извори, како што се обезбедување на услуги од страна на владини институции (на пример, лиценцирање трошоци) и задолжување (на пример, издавање на државни обврзници).

**Корективна мерка.** Преземената активност за да се поправи состојбата каде човековото право на вода и санитација не се почитува. Жртвите на кршење на човековите права имаат право на соодветен надоместок, вклучувајќи реституција, компензација, сатисфакција и/или гаранции за неповторување. Државите треба да обезбедат достапни и пристапни, навремени и ефективни правни лекови.

**Носители на правото.** Во контекст на човековото право на вода и санитација, ова се однесува на секој човек.

**Санитација.** Собирање, транспортирање, третман и одлагање, или повторна употреба на човечките излачевини или домашни отпадни води, без разлика дали преку колективните системи или инсталации кои опслужуваат едно домаќинство или претпријатие.

Државите мора да обезбедат без дискриминација дека секој има физички и економски пристап до санитација, која е безбедна, хигиенска, сигурна, социјално и културно прифатлива, која обезбедува приватност и обезбедува достоинство.

Во зависност од културата, прифатливоста може често да бара приватност, како и посебни објекти за жените и мажите во јавните места, како и за девојчињата и момчињата во училиштата. Објектите ќе треба да се приспособат на основни хигиенски практики во одредени култури, како за анално и генитално  чистење. И женските тоалети треба да се приспособат на потребите на менструацијата.

**Давател на услуги.** Јавна или приватна институција која оперира со системи за водоснабдување и/или санитација.

**Социјални тарифи.** Тарифи, кои вклучуваат попуст за одредени поединци или домаќинства што се должи на нивните социјални карактеристики (како што се возраст, сертифицирана онеспособеност, или бројот на лица во домаќинството).

**Референтни тарифни вредности.** Во некои земји, централните власти кои го надгледуваат секторот за вода и санитација имаат објавени „референтни вредности  на тарифата" за да се обезбеди референца за она што е очекуваното ниво што тарифите за вода и санитација треба да го постигнат. Тие обезбедуваат корисни информации за корисниците, како и  за даватели на услуги за вода и санитација, без кршење на распределбата на поставување тарифни одговорности (што обично останува на локално ниво).

**Ранливи и маргинализирани групи.** Групи составени од поединци кои особено тешко ги остваруваат своите права на вода и санитација, заради тоа што живеат во ранливи ситуации, или страдаат  од дискриминација или стигма (или комбинација од нив). Групи и поединци кои се идентификувани како потенцијално ранливи или маргинализирани вклучуваат жени, деца, жителите на (оддалечени) рурални и сиромашни урбани средини, како и други лица кои живеат во сиромаштија, бегалците и внатрешно раселените лица, малцинските групи (како што се Ромите), домородните групи, номадски и патнички заедници, стари лица, лица кои живеат со онеспособеност, лица кои живеат со ХИВ/СИДА или под влијание на други здравствени состојби, луѓе кои живеат во региони каде што водата е дефицитарна, и работниците кои работат во санитацијата.

При утврдувањето на групи и поединци кои се обесправени, државите треба да го набљудуваат населението врз основа на овие основи и истражуваат понатаму кога некои групи се дискриминирани. Во контекст на овој документ, ранливите и маргинализирани групи ги вклучуваат бездомниците, номадите, онеспособените лица, децата од училишна возраст, хоспитализираните пациенти, луѓето кои живеат во затвори и бегалски кампови, и луѓето без осигурително право.

Иако родовите прашања поврзани со пристап до вода и санитација мора да бидат земени во предвид за да се обезбеди еднаков пристап, овој документ не ги третира жените како ранлива и маргинализирана група пер се.





Поглавје 3

# ИСКУСТВО НА ЗЕМЈАТА[1] ВО КОРИСТЕЊЕТО НА БОДОВНАТА КАРТИЧКА



## ФРАНЦИЈА (ПОГОЛЕМАТА УРБАНА ОБЛАСТ НА ПАРИЗ)

Во текот на последната деценија, градот Париз посвети посебно внимание на прашањата поврзани со еднаков пристап до безбедна вода за пиење и санитација. Многу од мерките кои се преземаат во овој период се рефлектираат во публикацијата „Никој не е оставен". Франција ја предводи работата во делот на еднаквоста до безбедна вода за пиење и санитација во согласност со Протоколот многу години и предложи пилотирање на бодовната картичка на регионално ниво во Франција. Му се пристапи на градот Париз и се сметаше дека пилотирањето на бодовната картичка може да им помогне да се процени критички каде се и што може да се направи, и доброволно да биде еден од пилот вежбите..

Градот Париз покрива население од околу 2,2 милиони луѓе и е центар на метрополитенската област која надминува 10 милиони жители (со бруто-домашен производ по глава на жител над 48.000 евра во 2011 година). Поради оваа причина, на почетокот на процесот, градот Париз сметаше дека ќе биде позначајно да преземе пилот вежба на регионално ниво. Според тоа, тие ја ангажираа Але де Франс унија на вода (SEDIF - што обезбедува вода за 149 општини, и повеќе од 4,3 милиони луѓе преку својот оператор VeoliaEau Але де Франс), како и третман на отпадните води меѓусекторски орган за поголемото градско подрачје на Париз (SIAAP - кој услужува 180 општини) како додаток на градскиот Париски оператор Eaude Париз. Како последица на тоа, регионот за студијата не одговара на административниот регион на Île-de-France(Островот Франција); но тоа е во согласност со комбинираните области на услуги на трите институции (Париз, SEDIF и SIAAP). Комбинираниот буџет за вода и санитација надминува 2,1 милијарди евра. Во јануари 2013 година, трите институции гоподготвија првиот нацрт на одговорена бодовна картичка.

1. Детални извештаи од земјите за пилот проектите во поголемиот Париз урбана област (Франција), Португалија и Украина, подготвени од тимовите од земјите, се достапни на: http://www.unece.org/env/water/pwh_work/equitable_access.html.
Овие извештаи содржат профил на земјата, опис на преземените акции за постигнување на еднаков пристап до вода и санитација, проценка на бодовната картичка и процесот на нејзино користење и препораки за идни мерки кои треба да се преземат.

Вежбата за сампороценка вклучува три фази. Прво, градот Париз, SEDIF и SIAAP бараа информација да ги оправдаат резултатите и ја пополнијабодовната картичка, но не назначија бодови. Второ, работилница на засегнатите страни беше организирана на 18-19 февруари 2013 година за да разговараат за докази и да назначат бодови. Конечно, ревидираната верзија на бодовната картичката, инкорпорирајќи повратни информации од работилницата, заедно со ситуациона анализа и критичко оценување на процесот на самоевалуација е подготвена во април 2013 година.

Процесот на почетно собирање на податоци им помогна на трите институции да сфатат дека има некои значителни празнини, особено во однос на ранливите и маргинализирани групи. Пред студијата, главниот проблем не беше пристап до услугите, туку достапност и на тој начин многу од мерките беа во насока да се избегне исклучување на луѓе кои не можат да платат за услугата и да се намали тежината на сметките за вода за домаќинствата со ниски приходи. Областа на студијата е високо урбанизирана и не покажува големи разлики во пристапот помеѓу географските области, иако постојат значителни разлики во цените меѓу општините. Во текот на студијата, сепак стана евидентно дека голем и често занемарлив проблем е во пристапот на ранливите и маргинализирани групи.

Дводневната работилницата им помогна на заинтересираните страни да ги разгледаат и да дискутираат за своите знаења на постоечките мерки и преостанатите предизвици. Ова ги вклучи предизвиците со кои се соочуваат заедниците сместени во камповите кои немале редовен пристап до вода и санитација, или од страна на сиромашните работници кои не можат да си дозволат постојан престој. Се мислеше дека работилницата даде доволно време да се разговара за прашања на соодветно ниво на длабочина, дозволувајќи им време за сите заинтересирани страни да ги искажат своите мислења. Ова е важно затоа што пристапот до вода и санитација е високо на политичката агенда во Франција.

Бодовната картичка и пилот вежбата беа оценети позитивно од страна на сите засегнати страни. Исходот е првата самопроценка и прилично детален преглед на пристап до вода и санитација. Преку проценката, може да се идентификуваат недостатоците, и може да се дефинираат приоритетни акции за нивно решавање. Вежбите за самопроценка се докажа дека одземаат многу време, но се исплатливи. Не е препорачливо да се користи алатката за редовно следење и известување.

Со оглед на низа важни чинители, процесот треба да биде партиципаторен. Тимот на студијата сметаше дека е корисно да се има прва фаза, каде што главниот тим го заврши прашалникот. Една дополнителна фаза, која можеше да се воведе е периодот за билатерални средби со засегнатите страни, набрзо откако самопроценката беше пуштена. Сепак би била потребна работилница на засегнатите страни за да ги споделат и да дискутираат за резултатите.

**Придобивки.** Контактите помеѓу техничката заедница (агенции за водовод и канализација и давателите на услуги) и различните чинители вклучени во социјалната сфера го збогатија оценувањето. Можеби уште поважно, консолидираните листи на контакти ќе бидат голема предност во дефинирањето и спроведувањето на конкретни мерки за да се обезбеди еднаков пристап. Се препорачува дека конечната верзија на алатката треба да содржи анекс листа на експерти и институции вклучени во проценката.

**Следни чекори.** Една од можните опции е да се користат резултатите од самооценувањето како инпут за формулирање на следното генерирање на националните/регионални планови за здравје и животна средина.

## ПОРТУГАЛИЈА



Во текот на последните две децении, Португалија го реформираше секторот за вода и канализација. Ова вклучуваше создавање на регулатор за вода (регулативен орган за услуги на вода и отпад - ERSAR), која има ограничена моќ, но сé поголемо влијание. Имплементацијата на правото на вода и санитација е грижа за ERSAR, и тие биле од 2011 година главен придонесувач за работата за еднаков пристап до безбедна вода за пиење и санитација вршена во рамката на Протоколот.

Многу од мерките што ги презема Португалија се рефлектираат во публикацијата *Никој не е оставен*. ERSAR смета дека пилотирање на бодовната картичка може да им помогне да најдат начини подобро да го интегрираат правото на вода и санитација во рамките на новиот стратешки план за португалскиот сектор за вода и канализација, кој треба да се изработи во текот на 2013 година.

Португалија е земја со нешто повеќе од 10 милиони жители и со просечен приход по глава на жител од околу 16.000 евра годишно. Пристапот до вода и санитација се смета за универзален бидејќи населението има пристап до јавни или приватни решенија. Бидејќи водата и санитацијата се надлежност на општината, агрегацијата на информации на национално ниво е предизвик, и тоа има влијание врз формулирањето на националните политики.

Вежбата за самоевалуацијата беше завршена во четири фази. Прво, ERSAR бараше други релевантни владини агенции да ги пополнат релевантните делови од бодовните картички во јануари 2013 година. Второ, ERSAR продолжи да

ги собира овие информации и го заврши оправдувањето и бодирањето. Трето, ERSAR организираше еднодневна работилница на 25 февруари 2013 година за да се разговара за резултатите. Конечно, ERSAR подготви ревидирана верзија на бодовната картичка, заедно со ситуациона анализа добиена од резултатите од бодовната картичка, и критичка оценка за процесот на самоевалуација и подготви „патоказ" за идно дејствување.

Генерално, португалскиот тим ја одобри алатката и потребата за инклузивен процес на самоевалуација. Тие сметаа дека нацртот на бодовната картичка е комплетна и детална за сите аспекти поврзани со вода и санитација. Во исто време, тие рекоа дека нивото на детали ја направи да одзема многу време за да се пополни. Може да биде соодветно да се изврши таква вежба секој пат кога ќе се подготвува нов стратешки план за вода и санитација, но не и почесто од тоа.

Процесот на самоевалуација ја истакна потребата да се подобри собирањето на јасни и ревидирани податоци за пристап до услуги за вода и санитација на ранливите и маргинализирани групи. Исто така, ја истакна потребата да се подобри собирањето на информации на национално ниво за инвестиции и финансирање за спроведување на политики за вода и санитација.

Процесот на идентификација и повикување на заинтересираните страни се покажа како предизвик. ERSAR имаше добри контакти со техничките чинители (особено давателите на услуги за вода и санитација), но е многу помалку запознаен со оние кои се занимаваат со социјални прашања.

Работилницата на засегнатите страни, присуството на владини агенции задолжени за социјална работа и социјална заштита им помогнаа на актерите на секторот да дознаат за социјалните мерки кои можат да се преземат. Сепак, многу нетрадиционални играчи (особено невладините) кои беа поканети, не присуствуваа. По работилницата, ERSAR направи дополнителни напори за да се допре до тие акционери.

**Придобивки.** Процесот на самоевалуација донесе многу придобивки за ERSAR. Сега ERSAR има подобро разбирање на прашањата - вклучувајќи информациски празнини, можни подобрувања во законите и прописите, како и тешкотиите со кои се соочуваат субјекти кои работат на социјалните прашања. Свесноста за прашањата е подигната помеѓу засегнатите страни во секторот на вода. ERSAR има собрано корисни податоци за ревизија на националниот стратешки план за секторот за вода.ERSAR сега подобро може да идентификува прави партнери за развој на иницијативи во областа на еднаков пристап до вода и санитација.

**Следни чекори.** Процесот на самоевалуација, најверојатно, ќе ги зајакне специфичните иницијативи кои се однесуваат на проблемите на еднаков пристап. ERSAR размислува за воспоставување основа за неформална мрежа на засегнати страни од секторот за вода и од областа на човековите права и социјалната политика. Може да се развие препорака за операторите за добри практики во обезбедување на човековото право на вода и санитација. Органите на државната власт, исто така, може да развијат препораки за добри практики во соодветните области на социјалната политика (како што се работното место, училиштата и здравствените установи).



## УКРАИНА

Украинската невладина организација за животна средина MAMA-86 работи на прашања за вода и санитација повеќе од 15 години и била активен учесник во националните и меѓународните дебати за подобрување на пристапот на сите. Тие ги видоа пилот вежбите, како начин за зголемување на знаењето и да се подигне профилот на еднаков пристап во Украина.

Тие се обратија до Државната санитарна и епидемиолошката служба (SSES) и Министерството за животна средина и природни ресурси, коиго добија предлогот, и заедно тие побараа финансиска поддршка за спроведување на пилот вежбата. Како и главната пилот вежба на национално ниво, MAMA-86 исто така го тестираа пристапот на локално ниво преку нивната филијала во градот Севастопол (резултати од вежбата во Севастопол не се вклучени во овој документ).

Украина има население од околу 45 милиони жители и БДП по глава на жител помал од 2.600 евра во 2011 година. Повеќе од 24% од населението е под националната линија на сиромаштија. Блиску до 70% од населението живее во урбани средини. Јавните финансиски средства потрошени во секторот за вода и санитација во 2012 година биле околу 10 милиони евра. Украина е Членка на Протоколот за вода и здравје од 2003година.

Вежбата за сампороценка се состоела од три фази. Прво, SSES официјално побара неколку владини агенции да обезбедат информации. Паралелно со ова, MAMA-86 идентификуваше неколку национални експерти и ги овласти да ги подготват одговори засвоите области на експертиза. Работата на експертите вклучи состанок на почетен тим предводен од MAMA-86 и SSES за да се осигура дека експертите ја разбрале природата на вежбата и да се разјасни како да пристапат кон задачата.

Второ, еднодневна работилница на засегнатите страни се одржа на 1 март 2013 година за да се разговара за нацрт одговорите на бодовната картичка. Дел од еднодневната работилница беше организирана во паралелни работни групи посветени на различни делови од бодовната картичка, што овозможи подетални дискусии. За време на работилницата, недоразбирањата беа разјаснети и некои резултати се корегираа. Конечно, ревидираната верзија на бодовната картичка, инкорпорирање на повратни информации на работилницата, заедно со ситуациона анализа и критичко оценување на процесот на самоевалуација, беше изготвен во април 2013 година Резултатите се дадени во следните делови.

Генерално, стручниот тим ја одобри методологијата на самоевалуација. Се смета дека оваа тема била иновативна и многу важна, и дека методологијата е јасна и соодветна. Тие дадоа предлози за тоа како да се подобри алатката.

Иако процесот работеше добро, тоа би можело да се подобри. Водечката организација треба да биде што е можно појасна за тоа кој се очекува да обезбеди информации и кој да биде консултиран. Почетна работилница за да започне процесот би можела да помогне во обезбедувањето на поголема вклученост на владините функционери. Сепак, ќе биде потребна работилница за да се разговара за прелиминарните резултати.

**Придобивки.** Процесот е управуван од страна на невладина организација, со целосна поддршка од владина агенција, како и финансиска поддршка од страна на ОНЕКЕ (UNECE) за координирање на пилот вежбата, и со инпут од национални експерти. Ова се покажа како корисно за испитување на методологијата и да се подигне профилот на прашања меѓу академските експерти и некои владини официјални лица.

**Следни чекори.** За следните чекори, тимот препорача пренесување на резултатите од самопроценката до главните владини претставници и нивно охрабрување да развијат конкретни предлози. Друга препорачана акција беше да се објават резултатите преку медиумите.

Резултатите од самоевалуацијата можат да влијаат на голем број постоечките програми. Државната санитарна и епидемиолошката служба ќе го разгледа тоа како резултатите можат да влијаат на вниманието посветено на прашањата за санитација. МАМА-86 и SSES организираа прес-конференција по повод Светскиот ден на водата 2013 за да ги споделат резултатите и да се подигне свеста за овој проблем во Украина. МАМА-86 ќе ги користи резултатите за да ги информираат своите децениски кампањи за вода, санитација и хигиена (WASH) и кампањи за вода, санитација и хигиена во училиштата. Основата на студијата ќе биде корисна за да се дизајнира можен проект.

Во поширока смисла, би можело да се користи за да лобираат кај владата да обезбеди свежи средства за државниот таргетиран социјален програм за приоритетните мерки за да се обезбеди централно снабдување со вода во руралните населени места снабдувани со цистерни, како и за одобрување на нацрт Државна програма за санитација. Резултатите, исто така, можат да влијаат на поддршка од меѓународни развојни агенции за секторот за вода и санитација со одредување на приоритетни области за акција за решавање на недостатоците во пристапот до вода и санитација.



Поглавје 4

# БОДОВНА КАРТИЧКА[2]

WWW.UNECE.ORG
/ENV/WATER/PWH_WORK/EQUITABLE_ACCESS.HTML

[2] Корисниците се поканети да ја пополнат бодовна картичката со онолку информации колку е потребно, посебно за оправданост на рејтингот, користеното средство за верификација и веродостојноста на одговорот. Верзијата на Word (.doc) на Бодовната картичка може да се симне од www.unece.org/env/water/pwh_work/equitable_access.html.

# ПРОФИЛ НА ЗЕМЈАТА/РЕГИОНОТ

## СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ ПОДАТОЦИ

| | **2011** или најблиска достапна година (посочи година) | **2006** (избери друга референтна година ако е посоодветна на националните/ регионалните процеси) | **ИЗВОР** (користи официјални статистики кога и да е можно) |
|---|---|---|---|
| Население (жители) | | | |
| Површина (km2) | | | |
| БДП по жител (евра/лице) | | | |
| % на население под национален праг на сиромаштија | | | |
| % на население без работа | | | |
| % на население во урбани области | | | |
| % на население во пери-урбани области (САМО ако оваа категорија важи во вашата земја/регион) | | | |
| % на население во рурални области | | | |
| Обновливи слатководни ресурси (милиони m3 по глава на жител) | | | |
| % на население без пристап до безбедна вода за пиење | | | |
| % од населението без пристап до одвод на отпадни води | | | |
| % на население без пристап до третман на отпадни води (кое било ниво) | | | |
| Јавни финансиски средства потрошени на секторот за вода и санитација | | | |
| Јавни финансиски средства потрошени за обезбедување на еднаков пристап до вода и санитација | | | |
| Ве молиме дадете дефиниција за безбедна вода за пиење ако е различна од онаа опишана во поглавје 2 | | | |

## МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ЗА ВОДА И САНИТАЦИЈА

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали вашата земја е потписничка на Меѓународниот пакт од 1966 година за економски, социјални и културни права? | | |
| Дали вашата земја е потписничка на Протоколот за вода и здравје од 1999 година? | | |

# Дел 1.

# РАМКИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ВЛАСТИТЕ ЗА ДА ОВОЗМОЖАТ ЕДНАКОВ ПРИСТАП НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И САНИТАЦИЈА

| ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ | РЕЛЕВАНТЕН ДЕЛ ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА *НИКОЈ НЕ Е ОСТАВЕН* |
|---|---|
| **1.1** Стратешка рамка за постигнување на еднаков пристап | **Дел 3.1**<br>**Дел 3.4** |
| **1.2** Сектор за финансиски политики | **Дел 3.1**<br>**Дел 2.3** |
| **1.3** Права и должности на корисниците и другите носители на права | **Дел 3.2** |

**ОБЛАСТ 1.1** СТРАТЕШКА РАМКА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ ЕДНАКОВ ПРИСТАП

**Образложение.** Иако напредок се постигнува преку индивидуални иницијативи, стратешка рамка е потребна за да се осигура дека целиот сектор вода и санитација (и целата јавна администрација генерално) придонесува за постигнување на еднаков пристап

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **1.1.1** **Правото на вода и санитација е воведено во правниот поредок на земјата** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **1.1.2** **Има воспоставен стратешки план за да се обезбеди еднаков пристап до вода и санитација** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **1.1.3** **Целите за еднаков пристап се одредени** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |

## ОБЛАСТ 1.1 СТРАТЕШКА РАМКА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ ЕДНАКОВ ПРИСТАП (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.1.4 Одговорностите за постигнување еднаков пристап се идентификувани и доделени** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.1.5 Постојат механизми со кои ќе се овозможи дискусија и координација од надлежните органи** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.1.6 Земјата / регионот / градот ја оцениле еднаквоста на пристап до безбедна вода за пиење и санитација** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

**Ве молиме пресметајте го рејтингот за областа 1.1**
Соберете ги добиените поени (Да = 3, Во голема мера = 2, До одреден степен = 1, Не = 0) ...................

Поделете го вкупниот број на поени со 6 ............. ......

**Ве молиме проценете ја просечната веродостојност на одговорите за оваа област** (ве молиме означете една опција)

Висока .................... Средна .................... .Ниска ....................

## ОБЛАСТ 1.2 СЕКТОР ЗА ФИНАНИСКИ ПОЛИТИКИ

**Образложение.** Финансиските средства ќе треба да бидат потрошени за спроведување на иницијативи потребни за да се постигнат целите на еднаков пристап. Во исто време, вкупните приходи и расходи на секторот за управувачки политики може да има големи позитивни и негативни влијанија врз постигнувањето на еднаков пристап. Во некои земји, финансирањето на секторот зависи во голема мера од поддршката на развојните партнери и има простор да се зголеми придонесот на оваа поддршка за постигнување на еднаков пристап.

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **1.2.1 Висината на финансиските средства потребни за да се постигне еднаков пристап до безбедна вода за пиење и санитација е проценета** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

## ОБЛАСТ 1.2 СЕКТОР ЗА ФИНАНИСКИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.2.2 Изворите на финансирање за постигнување еднаков пристап до безбедна вода за пиење и санитација се идентификувани** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **1.2.3 Стратегиите за финансирање на секторот за вода и санитација ги земаат предвид прашањата за праведност** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **1.2.4 Постојат механизми со кои ќе се поттикне давателите на услуги да спроведат инвестициски планови што одат во прилог на обезбедувањето пристап за оние носители на права кои го немаат** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **1.2.5 Националната / регионалната / градската власт ја следи и јавно известува за распределбата на финансиските ресурси** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **1.2.6 Меѓународната финансиска поддршка за секторот за вода и санитација го зема предвид проблемот на еднаквост** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **Ве молиме пресметајте го рејтингот за областа 1.2**<br>Соберете ги добиените поени (Да = 3, Во голема мера = 2, До одреден степен = 1, Не = 0) ..................<br>Поделете го вкупниот број на поени со 6 .................. | | | | |
| **Ве молиме проценете ја просечната веродостојност на одговорите за оваа област** (ве молиме означете една опција)<br>Висока .................. Средна .................. .Ниска .................. | | | | |

## ОБЛАСТ1.3 ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА КОРИСНИЦИТЕ И ДРУГИ ТЕ НОСИТЕЛИ НА ПРАВА

**Образложение.** Корисниците на вода и санитација и носителите на права не треба да се сметаат само за корисници на пристапот до вода и санитација. Тие треба да ги исполат улогите во побарувачката, оформувањето и одржувањето на еднаков пристап до вода и санитација.

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **1.3.1 Постојат механизми кои обезбедуваат носителите на права да ги дознаат своите права и обврски, и како да дојдат до релевантни информации** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **1.3.2 Постојат механизми со кои ќе се овозможи носителите да учествуваат во процесот на донесување одлуки во поглед на нивото и квалитетот на пристапот што го добиваат** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **1.3.3 Постојат механизми со кои ќе се овозможи носители на права да бараат обештетување и спроведување на мерки за санација** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **1.3.4 Постојат механизми со кои им се овозможува на носителите на права надлежните органи да ги сметаат за одговорни** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

**Ве молиме пресметајте го рејтингот за областа 1.3**
Соберете ги добиените поени (Да = 3, Во голема мера = 2, До одреден степен = 1, Не = 0) ..................

Поделете го вкупниот број на поени со 6 ..................

**Ве молиме проценете ја просечната веродостојност на одговорите за оваа област** (ве молиме означете една опција)

Висока .................. Средна .................. .Ниска ..................

# Дел 2.
# НАМАЛУВАЊЕ НА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ

| ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ | РЕЛЕВАНТЕН ДЕЛ ОД ПУБЛИКАЦИЈАТА *НИКОЈ НЕ Е ОСТАВЕН* |
|---|---|
| **2.1** Јавни политики за намалување на разликите на пристап помеѓу географските области | Дел 4.1 |
| **2.2** Јавни политики за намалување на разликите во трошоците помеѓу географските области | Дел 4.2 |
| **2.3** Географска распределба на надворешната поддршка за секторот | Дел 2.3 |

## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЕОГРАФСКИТЕ РАЗЛИКИ

Обезбедете официјална дефиниција за руралните, урбаните и (ако е применливо) пери-урбаните области во вашата земја / регион

| | **2011** или најблиска година (наведете) | **2006** или најблиска година (наведете) | **ИЗВОР** (наведете дали е официјален извор) |
|---|---|---|---|
| Стапка на пристап до безбедна вода за пиење во урбани области (%) | | | |
| Стапка на пристап до безбедна вода за пиење во пери-урбани области (%) (само ако оваа категорија е релевантна во вашата земја / регион) | | | |
| Стапка на пристап до безбедна вода за пиење во рурални области (%) | | | |
| Стапка на пристап до санитација во урбани области (%) | | | |
| Стапка на пристап до санитација во пери-урбани области (%) (само ако оваа категорија е релевантна во вашата земја / регион) | | | |
| Стапка на пристап до санитација во рурални области (%) | | | |
| Јавни финансиски средства потрошени за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода за пиење и санитација (во мил. евра) | | | |
| Јавни финансиски средства потрошени за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода за пиење и санитација (евра по глава на жител) | | | |
| Јавни финансиски средства потрошени за намалување на географските разлики во пристапот до безбедна вода за пиење и санитација (% од буџетот потрошени на вода и санитација) | | | |

## ОБЛАСТ 2.1 ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ НА ПРИСТАП ПОМЕЃУ ГЕОГРАФСКИТЕ ОБЛАСТИ

**Образложение.** Јавните политики играат главна улога во намалување на разликите во пристапот помеѓу географски области, а особено во зголемување на пристапот во руралните области. Разликите ги вклучуваат оние поврзани со физички пристап и оние кои се однесуваат на квалитетот на услугата..

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **2.1.1 Постои јавна политика за намалување на разликите меѓу урбаните, пери-урбаните и руралните области** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **2.1.2 Донесени се интегрирани пристапи за поддршка на испорака на вода и санитарни услуги во руралните области, неформални населби и сиромашни квартови** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **2.1.3 Постојат механизми за поддршка на имплементација на соодветни технички решенија за испорака на услуги во руралните, неформални населби и сиромашни квартови** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **2.1.4 Постојат механизми за поддршка на имплементација на соодветни технички решенија за самостојно обезбедување на услуги од страна на домаќинствата во области каде што не постои давател на услуги** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |
| **2.1.5 Секторските политики мобилизираат доволно финансиски средства за намалување на разликата во пристапот во руралните и пери-урбани области во согласност со воспоставените цели** | | | | |
| **Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)<br>**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)<br>**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска) | | | | |

## ОБЛАСТ 2.1 ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ НА ПРИСТАП ПОМЕЃУ ГЕОГРАФСКИТЕ ОБЛАСТИ (ПРОДОЛЖУВА)

**Ве молиме пресметајте го рејтингот за областа 2.1**
Соберете ги добиените поени (Да = 3, Во голема мера = 2, До одреден степен = 1, Не = 0) ..................

Поделете го вкупниот број на поени со 5 ..................

**Ве молиме проценете ја просечната веродостојност на одговорите за оваа област** (ве молиме означете една опција)

Висока .................. Средна .................. .Ниска ..................

## ОБЛАСТ 2.2 ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ПОМЕЃУ ГЕОГРАФСКИТЕ ОБЛАСТИ

**Образложение.** Некои географски области се соочуваат со повисоки цени од другите. Ова може да се должи на повисоки нивоа на услуги, повисока цена на обезбедување на услуги (на пример, поради скап пристап до чисти извори на вода, или на мала густина на населението)помалку ефикасно обезбедување на услуги (на пр. лошо одржување што доведува до повисока цена, многу голем број вработени по конекција), нееднаква дистрибуција на јавните субвенции. Јавните политики може да играат голема улога во намалувањето на разликите во трошоците помеѓу географски области.

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **2.2.1** **Постојат механизми за следење на цените, како и на трошоците за обезбедување на вода и санитарни услуги** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **2.2.2** **Ценовни репер алатки (како на пример индикатори за достапност или тарифни референтни вредности) се воведени** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **2.2.3** **Јавните субвенции се насочени кон оние области кои се соочуваат со повисоки трошоци за обезбедување на услуги (не само повисоки цени)** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| **2.2.4** **Секторот е организиран за да овозможи вкрстено субвенционирање меѓу локалитети со висока и ниска цена на услуги** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

## ОБЛАСТ 2.2 ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ПОМЕЃУ ГЕОГРАФСКИТЕ ОБЛАСТИ (ПРОДОЛЖУВА)

**Ве молиме пресметајте го рејтингот за областа 2.2**
Соберете ги добиените поени (Да = 3, Во голема мера = 2, До одреден степен = 1, Не = 0) ..................

Поделете го вкупниот број на поени со 4 ..................

**Ве молиме проценете ја просечната веродостојност на одговорите за оваа област** (ве молиме означете една опција)

Висока .................. Средна .................. .Ниска ..................

## ОБЛАСТ 2.3 ГЕОГРАФСКА РАСПРЕДЕЛБА НА НАДВОРЕШНАТА ПОДДРШКА ЗА СЕКТОРОТ

**Образложение.** Во некои земји, развојните партнери (земји донатори) се клучни даватели на финансиски средства за инфраструктурата за вода и санитација. Често постои можност да се пренаменат средствата за забрзување на пристапот во географските подрачја што заостануваат

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| 2.3.1 **Јавните власти ги идентификуваат во секторскиот план областите кои заостануваат и имаат потреба од надворешна поддршка** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

| | ДА | ВО ГОЛЕМА МЕРА | ДО ОДРЕДЕН СТЕПЕН | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| 2.3.2 **Постои меѓународна финансиска поддршка за зголемување на пристапот во географските подрачја што заостануваат (како што е наведено во секторскиот план)** | | | | |

**Бодовна оправданост:** (накусо објаснете и / или дајте примери кои го оправдуваат одговорот)

**Користени средства за верификација:** (пр. службени документи, консултации со повеќе чинители, стручно мислење)

**Веродостојност на одговорот:** (висока, средна или ниска)

**Ве молиме пресметајте го рејтингот за областа 2.3**
Соберете ги добиените поени (Да = 3, Во голема мера = 2, До одреден степен = 1, Не = 0) ..................

Поделете го вкупниот број на поени со 2 ..................

**Ве молиме проценете ја просечната веродостојност на одговорите за оваа област** (ве молиме означете една опција)

Висока .................. Средна .................. .Ниска ..................

# Дел 3.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСТАП ЗА РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ

| ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ | РЕЛЕВАНТЕН ДЕЛ ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА *НИКОЈ НЕ Е ОСТАВЕН* |
|---|---|
| **3.1** Јавни политики за потребите на ранливите и маргинализирани групи | Дел 5.1 |
| **3.2** Лицата со посебни физички потреби | Дел 5.2 |
| **3.3** Корисници на здравствени установи | Дел 5.3 |
| **3.4** Корисници на образовни установи | Дел 5.3 |
| **3.5** Корисници на домови за стари лица | Дел 5.3 |
| **3.6** Затвореници | Дел 5.3 |
| **3.7** Бегалци кои живеат во бегалски кампови и центри | Дел 5.3 |
| **3.8** Бездомни лица | Дел 5.4 |
| **3.9** Патници и номадски заедници | Дел 5.4 |
| **3.10** Лица кои живеат во домови без вода и санитација | Дел 5.5 |
| **3.11** Лица без пристап до безбедна вода за пиење и санитација на нивните работни места | Не се дискутирани |



## КВАНТИТАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА РАНЛИВИ И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ

Ве молиме, обезбедете официјална дефиниција за ранливите и маргинализирани групи во вашата земја / регион / град

